Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 122/03 06
18.03.2020 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 12 март 2020 година, врз основа на примена жалба од Златко Теодосиевски против телевизија „Алфа“, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**ПОСТАПКАТА СЕ ЗАТВОРА СО МЕДИЈАЦИЈА**
**МЕЃУ СТРАНИТЕ ВО СПОРОТ**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 4 март 2020 година, Златко Теодосиевски, поднесе жалба за изданието на емисијата „Заспиј ако можеш“ со тема „СДСМ и' објави „војна“ на ТВ Алфа. Телевизијата ги чека обвинителите“, емитувано на 21 февруари 2020 година, на телевизија „Алфа“ (www.alfa.mk).

Во жалбата се наведува дека во емисијата е објавена целосно неточна информација и дека содржи мешање на факти и мислење, вест и коментар, говор на омраза, неточно и нефер известување, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето и незастапена втора страна.

Подносителот на жалбата, Златко Теодосиевски, вели дека од страна на учесниците во емисијата, Горан Момировски, новинар/уредник, Јани Бојаџи, директор на Алфа ТВ и Драган Милосављевиќ, новинар, биле изнесени лажни информации и злонамерни коментари за неговата личност. Тој наведува дека новинарот Милосављевиќ целосно невистинито и непроверено изнел лажна информација дека жалителот бил добитник на средства на годишниот конкурс на Министерството за култура за култура за 2020 година за изложби иако, како што посочува самиот, на спомнатиот конкурс воопшто не ни конкурирал.

*„На оваа лажна вест се надоврза уредникот Горан Момировски, целосно депласирано спомнувајќи ја и мојата сопруга – со која наводно бил пријател – а коментирајќи го сето мое пишување (повторно целосно вон „темата“) како говор на омраза кон се' што се однесувало на партијата ВМРО-ДПМНЕ“,* се вели во поднесената претставка.

Теодосиевски, меѓу другото, наведува дека со мејл се обратил до главната и одговорна уредничка на Алфа ТВ, Искра Коровешовска и за искажаните наводи побарал јавно извинување од медиумот, но дека до поднесувањето на оваа жалба не добил никаков одговор.

Тој во прилог на жалбата до Советот за етика во медиумите ја достави и содржината на реакцијата што по електронска пошта ѝ ја испратил на одговорната уредничка.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА НА КОМИСИЈАТА

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, посредуваше меѓу страните во спорот, откако претходно стапи во контакт со телевизија „Алфа“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Одговорниот уредник на медиумот, Искра Коровешовска испрати одговор за случајот. Водителскиот тим Горан Момироски и Драган Милосављевиќ на подносителот на жалбата,

Теодосиевски, во едно од наредните изданија на емисијата му понудил извинување, иако како што потенцира уредничката во одговорот, поседувале информација дека тој, сепак, бил вклучен во проект кој добил пари на годишниот конкурс на Министерството за култура.

*„Исто така, го поканивме јавно господинот Теодосиевски, да повели да гостува во нашата емисија и да разговараме не само за таа тема туку и за секоја друга тема која би била предмет на негов интерес. Ниту сме сакале да го навредиме почитуваниот Теодосиевски, ниту да му нанесеме штета на неговиот углед и интегритет“,* појаснуваат од телевизија „Алфа“.

Подносителот на жалбата, Златко Теодосиевски, иако не беше целосно задоволен од извинувањето дадено во емисијата, во комуникацијата со Извршната канцеларија на СЕММ потенцира дека за него оваа постапка е веќе завршена. По одговорот, Комисијата за жалби, имајќи ја предвид остварената медијација, одлучи да го затвори случајот.

* * *

Пред затворањето на случајот по остварената медијација, Комисијата за жалби изврши увид во оспорената содржина и утврди дека се работи за дебатна емисија, во чие издание учествуваа водителскиот тим на емисијата, Горан Момироски и Драган Милосављевиќ, како и директорот на телевизија „Алфа“, Јани Бојаџи.

За време на речиси едно и пол часовната емисија, тројцата зборуваа за повеќе актуелни дневно-политички теми, вклучително и за лица кои добиле поддршка на Годишната програма за култура за 2020 година, во чиј контекст, како добитник на средства, беше споменато и името на Златко Теодосиевски.

Членовите на Комисијата заклучија дека не можат и немаат право да ги утврдуваат фактите изречени на дебатата и дека надлежност на Комисијата е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

При увидот на содржината, Комисијата констатираше дека водителот во изданието на емисијата, емитувано на 24 февруари 2020 година, упати извинување до подносителот на жалбата, Теодосиевски, а неговата реакција/демант ја проследи со извесен полемичен коментар:

**„Тој денеска реагираше во Алфа Телевизија дека не добил пари. Сепак ние пронајдовме дека преку еден проект, реализација на изложба на скулптури „Споеви“ и на инсталацијата „РЕ-изградени сеќавања“, заедно со Сашо Саздовски, Пандора Апостоловска – Саздовска и Златко Тоедосиевски, сепак, биле дел од проект кој што добил 180 илјади денари од страна на Министерството за култура.“**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**„Би сакале да му се извиниме ако згрешиме, не е никаков проблем да му се извиниме, меѓутоа објективно се работи за тоа дека неговото име стои во програмата 180 илјади денари, не знаеме колку пари зел, но е дел од проект.“**

Во оваа насока, Комисијата ја поздравува подготвеноста на медиумите, во случајов, на ТВ Алфа да се извини, но воедно ги повикува новинарите да се придржуваат до добрата новинарска практика и одговорите или демантите да не ги проследуваат со полемични редакциски коментари.

Моралната одговорност за евентуалната неточност на информацијата паѓа врз новинарот и затоа е важно тој самиот да влијае и да обезбеди демант, исправка или одговор во медиумот во кој информацијата е објавена. На тој начин, новинарот го штити и сопствениот интегритет, но и интегритетот на медиумот во кој работи. Исправката, демантот или одговорот треба да биде во разумна должина, во релација со темата и во пристојна форма.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595